**До:**
**Народна Банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

**За вниманието на :**

Предмет: **Барање за информација за регистрирани Директни инвестиции во РМ по дејност А0395 Земјоделство, шумарство и рибарство во периодот 2003-2008**

Почитувани,

Ве молиме за писмена информација за регистрирани Директни инвестиции во РМ во периодот од 2003-2008 по година за направени вложувања во ЕУР кои се направени во дејност А0395 Земјоделство, шумарство и рибарство .

| Година | Шифра | Дејност | Вкупно директни инвестиции во РМ, во ЕУР |
|---|---|---|---|
| 2003 | **А0395** | Земјоделство, шумарство и рибарство | |
| 2004 | **А0395** | Земјоделство, шумарство и рибарство | |
| 2005 | **А0395** | Земјоделство, шумарство и рибарство | |
| 2006 | **А0395** | Земјоделство, шумарство и рибарство | |
| 2007 | **А0395** | Земјоделство, шумарство и рибарство | |
| 2008 | **А0395** | Земјоделство, шумарство и рибарство | |

Ве молиме информацијата да биде во писмена форма, скенирано или да може да ја подигнеме од Архива на НБРСМ.

Благодариме однапред.

Со почит,

Д,ПР

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, на 14 март 2023 година донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Народната банка на Република Северна Македонија на 27 февруари 2023 година, од страна на , СЕ ОДОБРУВА.

2. Како одговор на бараната информација за регистрирани Директни инвестиции во Република Северна Македонија во периодот од 2003 – 2008, по година, за направени вложувања во ЕУР кои се направени во дејност А0395 Земјоделство, шумарство и рибарство, <u>во прилог доставуваме табела со бараните податоци</u>.

Ве информираме дека податоците за вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија содржат податоци за: сопственички капитал, реинвестирање на добивката и должнички инструменти. Подетални методолошки појаснувања за опфатот на податоците се расположливи на официјалната интернет страна на Народната банка.

## Образложение

На 27 февруари 2023 година до Народната банка е пристигнато Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на со кое се бараат податоци за регистрирани Директни инвестиции во Република Северна Македонија во периодот од 2003 – 2008, по година, за направени вложувања во ЕУР кои се направениво дејност А0395 Земјоделство, шумарство и рибарство.

Во врска со барањето, нагласуваме дека Народната Банка на Република Северна Македонија не регистрира странски директни инвестиции, туку за потребите на екстерните статистики, изготвува статистички агрегирани податоци за директните инвестиции во земјата и во странство, движења и состојби, по земји и по дејности. Податоците за директни инвестиции се прибираат исклучиво за статистички цели и во агрегирана форма, при што согласно соодветна методологија, се објавуваат на официјалната интернет страна на Народната банка.

Имајќи го предвид барањето, Народната банка ги доставува податоците со кои располага и кои се објавени на официјалната интернет страна на Народната банка, како информации од јавен карактер, а кои по опфатот најмногу одговараат на описот во барањето .

Поради горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр. 03-7371/2

14 март 2023 година

Секретар на банката

Службено лице

м-р Маја Андреевска

**Правна поука:** Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Прилог – Табела со бараните податоци**

| Година | Шифра | Дејност (според НАЦЕ Рев. 1) | Вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија - движења |
|---|---|---|---|
| 2003 | 595 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И РИБАРСТВО | 1,589,123 |
| 2004 | 595 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И РИБАРСТВО | 8,383,061 |
| 2005 | 595 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И РИБАРСТВО | -840,222 |
| 2006 | 595 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И РИБАРСТВО | 2,126,121 |
| 2007 | 595 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И РИБАРСТВО | 10,457,506 |
| 2008 | 595 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И РИБАРСТВО | 4,061,751 |